АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 25.06.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 2671 | 1 | |


**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Добра Храна", „Руски доктор" и „Убавина и здравје";

2.2. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо";

2.3. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на „Порта 3";

2.4. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Еконимија и бизнис";

2.5. Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза"; и

2.6. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Бахче" и „Јени Балкан".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието за јуни/јули 2020 година на „Добра храна" бр. 10;
- изданието за мај/јуни 2020 година на „Руски доктор" бр. 47;
- изданието за мај 2020 година на „Убавина и здравје" бр. 140;
- изданието од 18 јуни 2020 година на „Скопско Ехо" бр. 152;
- изданието за мај 2020 година на „Порта 3" бр. 292;
- изданието за април/мај/јуни 2020 година на „Економија и бизнис" бр. 260/261/262;
- изданието за јуни 2020 година на „Зелена берза" бр. 24; и

- изданието за април/мај/јуни 2020 година на „Бахче“ бр. 21;
- изданието за јуни 2020 година на „Јени Балкан“ бр. 702-703.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јуни 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***